ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
„ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
Бр. 02-2771/14
11-08-2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 91 став 1 точка 3 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола – Пречистен текст -, како и член 344 став 1, и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акциионери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола на седницата одржана на ден 11.08.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реизбор и продолжување на мандатот на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола**

**1. СЕ ВРШИ ПОВТОРЕН ИЗБОР И СЕ ПРОДОЛЖУВА МАНДАТОТ** на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола и тоа:

**- Цветан Панделески од Охрид, економист, државјанин на Р.С. Македонија,**

**- Весна Белешовска Бунтеска од Скопје, дипломиран економист, државјанин на Р.С. Македонија,**

**- Александар Георгиев од Скопје, Дипломиран криминалист, Магистер по безбедност и безбедносни науки, државјанин на Р.С. Македонија,**

**- Анета Ѓоргиев од Битола, економист, државјанин на Р.С. Македонија.**

**2.** На членовите на Одборот на директори наведени во точка 1 на оваа Одлука, мандатот и функцијата членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола им трае четири години, односно до нивното отповикување.

**3.** Членовите на Одборот на директори имаат право на месечен паушал и тоа:

- претседателот на Одборот на директори има право на месечен паушал во нето износ од 2.000,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ што ќе важи на денот на исплатите,

- другите неизвршни членови на Одборот на директори, имаат право на месечен паушал во нето износ од 1.000,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ што ќе важи на денот на исплатите,

- право на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција, за што одлука донесува Одборот на директори.

**4.** Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори се трошоци на работењето на Друштвото.

**5.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**6. СЕ ОВЛАСТУВА** Извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола да овласти регистрационен агент преку кој ќе поднесе пријава за упис на изборот на членовите на Одборот на директори на

Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и да ги преземе сите други активности и постапки за реализација на оваа Одлука.

7. Примерок од одлуката да се достави до: Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, членовите на Одборот на директори, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото.

**Земјоделски комбинат**
**ПЕЛАГОНИЈА АД Битола**
**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**
**Д-р Петар Бакиевски**